# ОКТОМВРИ ВО КРАГУЕВАЦ

Во чест на традиционалната манифестација „Октобар у Крагуевцу“, а со цел да се продолжи успешната соработка со најстарото стручно училиште на Балканот, „Политехничка школа“ од Крагуевац, делегација од професорите: Наташа Петровска Пеце Петров, Цана Наумовска и учениците: Наумовска Стефанија и Дамевски Мирко од 20 до 22 октомври присуствуваше во Крагуевац.

На 20 октомври професорот др.Јован Филипович од ФОН-Белград одржа предавање за стандардите во училиштата. За учениците беше организирана еколошка работилница за климатските промени. После трибината присуствувавме на традиционалната другарска вечера, каде покрај забавата беа разменети идеи и искуства со домакините и гостите од Словенија, Суботица, Ужице и Скопје.

Градот Крагуевац, поранешен главен град на модерна Србија, и денес е преубав културен центар во шумадискиот регион. Втората светска војна ,со масовното стрелање на граѓани и ученици на Првата гимназија, на 21 октомври 1941 година, засекогаш го обележа градот. По тој повод на 21 октомври беше посетен меморијалниот комплекс во Шумарица, спомен паркот „Крагујевачки октобар“. Меморијалниот комплекс зафаќа површина од 350 хектари. На него се наоѓаат 30 гробници на стреланите граѓани и спомен музејот „21 Октобар“. Манифестацијата „Велики школски час“ беше тажен настан кој не потсети на крвавата трагедија, настан никогаш да не се заборави, никогаш да не се повтори.

Попладнето беа одржани спортски игри во кошарка и пинг-понг. Вечерта присуствувавме на караоке забава, каде ехото на музиката, играта, песната допираше до срцата на гледачите, вдахнувајќи им убави, срамежливи, но и магични звуци.

Следниот ден го посетивме музејот „Стара ливница“ изграден 1882 година.

Најискрено, ова беше добра прилика за унапредување на веќе постоечката соработка меѓу нашите училишта.

Професор,
Наумовска Цана